РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Бр. 03-2765/1

Скопје 03.07.2020г.

**До: ДРЖАВНА ИЗБОРНА КОМИСИЈА**

**Предмет: Дневен извештај на Агенцијата**

Почитувани,

Врз основа на обврските од член 76-в став 2 од Изборниот законик, а во согласност со Меморандумот склучен меѓу нашите институции на 04.02.2016 година, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го доставува дневниот извештај **за 2 јули 2020** година.

Во овој извештај Ве известуваме дека Агенцијата денеска одговори на претставка од Демократската унија за интеграции – ДУИ во која таа реагираше на организирањето дебатни емисии на програмите на медиумите.

Врз основа на претставката, беше направен увид во податоците од мониторингот на досегашното изборно медиумско претставување, и преку соопштение и радиодифузерите и учесниците во изборната кампања беа потсетени на правилата за посебните информативни емисии.

Во соопштението беше потенцирано дека радиодифузерите во согласност со нивната независна уредувачка политика, сами одлучуваат дали ќе емитуваат дебати и други видови посебни информативни емисии, како и за нивната зачестеност и формат (соочување меѓу двајца или дебата меѓу повеќемина).

Исто така, дека доколку се одлучат за емитување вакви облици на изборно медиумско претставување, се должни да обезбедат подеднаков пристап и правичност, избалансираност со почитување на принципот на пропорционалност според бројот на потврдени кандидатски листи и непристрасност. Воедно и за тоа оти оценката дали се исполнети овие обврски се извлекува по завршување на кампањата, не за секоја поединечна емисија, туку за серијата интервјуа, дебатни емисии или соочувања што радиодифузерот ќе ги организира во текот на изборната кампања.

Соопштението е достапно на нашата веб страница – www.avmu.mk

Срдечен поздрав,

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**ул. Македонија бр.38**
**1000 Скопје**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни**
**медиумски услуги**
**по овластување на директорот**

..............................................

**м-р Драгица ЉУБЕВСКА**